01-592/1
26.12.2014

Врз основа на член 5 точка 18 од Статутот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, на седницата одржана на 19.12.2014 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**1.**Кодексот на однесување на вработените во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија ги дефинира правилата на однесување кон кои треба да се придржуваат вработените при извршување на секојдневните работни задачи.

**2.**Вработените се должни да ја почитуваат службената хиерархија во своето работење, да ги спроведуваат задачите и наредбите издадени од своите претпоставени како и да ги спроведуваат заклучоците донесени на седниците на Советот.

**3.**Вработените во Советот службените должности ги извршуваат во согласност со Уставот и со законите, при што исклучиво го остваруваат јавниот интерес.

**4.**Вработените можат да одбијат да ги спроведат задачите и наредбите од своите претпоставени до колку истите не се во согласност со постојните закони, прописи, одлуки и актите донесени од Советот.

**5.**Доколку задачите и наредбите дадени од претпоставените се усни и се во спротивност со позитивните правни прописи и важечките интерни акти на Советот, вработените може да побараат писмена потврда за задачите и наредбите.

**6.**Вработените не смее да бидат доведени во финансиска или друга обврска или зависност од надворешни лица, како и да бараат и добиваат подароци, услуги, пари или други користи кои можат штетно да влијаат на извршувањето на службените задачи, на нивниот углед и угледот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

**7.**Вработените за време на работното време, но и после работното време не смеат да се бават со активности кои можат да наштетат на угледот на Советот.

**8.**Вработените не смеат да учествуваат во работи, заради остварување на директна или индиректна материјална или друга корист за себе или за трето лице.

## ГЛАВА II
## ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ДЕЛОВНИ ТАЈНИ

**1.**Секој вработен е должен строго да се придржува кон принципите на доверливост, дискреција и деловна тајна во однос на надворешните лица, особено на физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија.

**2.**Должност на вработените е, да го спречат изнесувањето на информации и деловни тајни кои можат негативно да влијаат и да се одразат на работењето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата.

**3.**Вработениот не смее да објавува службени информации и несоодветно да ги користи за сопствен интерес или интерес на некое друго лице.

## ГЛАВА III
## КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**1.**Вработените не смеат да учествуваат во било какви активности кои можат да му наштетат на работењето, интересот и угледот на Советот, како и во сите случаи во кој личниот интерес е во конфликт со деловниот.

**2.**Вработените не смеат да дозволат личниот финансиски интерес да дојде во конфликт со нивната положба и статус во Советот и во таа насока не смеат да бараат ниту пак да прифаќаат за себе или за други подароци, услуги, помош или каква било друга корист која би можела да влијае на нивните решенија и да го корумпира нивниот професионален пристап кон одредени работи.

**3.**Секој вработен во Советот е должен да ги пријави на непосредниот раководител сите односи или интереси кои можат да доведат до конфликт на интереси во извршувањето на дадените работни задачи и во таков случај веднаш да се дистанцира од учество во одлучувањето.

## ГЛАВА IV
## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**1.**Вработениот во согласност со законите и актите на Советот, по барање на јавноста, должен е информациите од јавен карактер да ги направи достапни, да ги дава навремено, коректно и точно, освен оние информации кои имаат третман на деловна тајна.

**2.**Вработениот не смее да објавува службени информации без претходно непосредниот претпоставен или Советот за тоа да го овласти.

**3.**Не е дозволено изнесување на лажни тврдења на сметка на било кој вработен, претпоставен или член на Советот.

## ГЛАВА V
## НЕЗАВИСНОСТ

**1.** Вработениот е должен да се воздржува и отфрла секакви влијанија, да не подлегнува на притисоци, интервенции, закани или индиректно мешање во неговото работење, што би ја довела во прашање законитоста и објективноста во вршење на службените должности.

**2.** Вработениот е должен да ги извршува службените должности, без извршен притисок, одлучувајќи самостојно и независно согласно законите.

## ГЛАВА VI
## ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА

**1.** Вработениот е должен стварите кои се во сопственост на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и опремата што му е дадена на користење за извршување на неговите должности, да ги употребува правилно и како добар домаќин, во согласност со намената и истата да не ја користи во приватни цели.

**2.** Вработениот има обврска да се грижи за документите, податоците и другите информации во врска со службената работа, со цел да се спречи предизвикување на материјална штета.

**3.** Вработениот не смее да преиначува содржина на документи, уништува или заменува со друг документ, става печат на незаведен документ во деловодникот на Советот и да го изнесува печатот надвор од работните простории.

**4.** Службените телефони (фиксни и мобилни) се наменети за вршење на службените должности, додека е дозволено личните телефонски повици да се прават доколку се во разумно времетраење и зачестеност.

**5.** Секој вработен е должен да одговара на повиците на службениот мобилен телефон и вон работното време.

## ГЛАВА VII
## ПОЛИТИЧКА НЕУТРАЛНОСТ

**1.** Вработениот работи според политиката што ја утврдува Советот.

**2.** При извршување на работите и задачите од својата надлежност, вработениот е должен да се раководи од начелото на еднаквост, да обезбеди рамноправен третман и услуги према сите субјекти, без давање на привилегија по основ на националност, етичко потекло, вероисповед, раса, пол, возраст, политички и идеолошки убедувања.

**3.**При извршување на своите службени задачи, вработениот е должен задачите да ги извршува совесно и ефикасно, на начин кој е политички неутрален, притоа избегнувајќи политички конфликт, односно делување на начин кој не е одреден од ставовите на ниту една политичка партија.

**4.**Вработениот не смее да ја истакнува припадноста кон одредена политичка партија, да ја испитува политичката припадност на другите вработени во Советот, на членовите на Советот како и на физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија.

**5.**Вработените не смеат да се вклучуваат во политички активности за време на работа.

## ГЛАВА VIII
## ПРОФЕСИОНАЛЕН ИЗГЛЕД НА ВРАБОТЕНИТЕ

**1.**Стилот на облекување и надворешниот изглед на секој вработен има влијание врз угледот на институцијата поради што:
-вработениот во Советот со својот изглед мора да прикажува професионализам и уредност;
-должен е на работа да доаѓа пристојно облечен, со облека чиј дезен и крој не предизвикува особено внимание;
-деловната облека на жена треба да ја чини деловен комплет, фустан, здолниште најкусо до колена или пантолони со пристојна боја и крој;
-деловната облека за мажи ја чини костум, сако, кошула. Мажите мораат да бидат избричени или со негувана и уредна брада.

## ГЛАВА IX
## КОРИСТЕЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ И РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ

**1.**Вработениот е должен да се придржува до почетокот и крајот на работното време, за вршење на своите службени должности.

**2.**Работното време на вработените во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија започнува во 8:30 и трае до 16:30 часот.

**3.**Паузата трае 30 минути, а може да се искористи во текот на работното време. Во периодот на користење на пауза задолжително е присуство на најмалку едно лице, кое ќе има обврска да одговара на телефонските повици и да извршува одредени работни задачи кои се од итен карактер. Овие лица паузата ќе ја користат надвор од времето пропишано за пауза во договор со раководителот на стручната служба.

**4.**Вработениот треба работите да ги планира и истите да ги врши одговорно во предвидениот рок.

5.Не се дозволува посетување на работните простории по завршување на работното време, како и во неработни денови без претходна најава и задолжителна евиденција.

6.Не се дозволува посета и задржување на приватни посетители во просториите на Советот.

## ГЛАВА X
## САНКЦИИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

1.Секој кој ќе ја искористи својата службена положба или овластување со прекршување или неизвршување на правилата на однесување и етика утврдени со овој Кодекс, подлежи на одговорност.

2.Постапката за прекршочна или кривична одговорност во согласност со Закон, ќе биде покрената и против лица на кои им престанал работниот однос во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, како и на лица кои биле вклучени во работата на Советот врз основа на волонтерски договор.

Бр. 01-592/1
26.12.2014

Претседател на Советот,
Соња Ѓелова - Стојанова